Повик за ангажирање на експерт за
Изработка на методологија за следење на веб страните на државните и локалните органи на власт

Датум: 22.11.2024

| | |
|---|---|
| Проект: | „Граѓанско Архус столче за борба против корупција во животната средина“ |
| Позиција: | Експерт за изработка на методологија за следење на веб страните на државните и локалните органи на власт |
| Локација: | Скопје, Р. С. Македонија |
| Временска рамка: | 10 дена |
| Почеток на задачата: | 02.12.2024 |

## За проектот:

Проектот „Граѓанско Архус столче за борба против корупција во животната средина “, се спроведува од страна на Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија од Скопје во партнерство со Здружение за развој, едукација и еколошка етика – ПОЛИМАТ 13 од Богданци.

Проектот е во рамките на програмата „Граѓаните против корупцијата“ која се реализира од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје (ИДСЦС), Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ), 360 Степени, Истражувачка репортерска лабораторија Македонија (ИРЛ) и Балканската истражувачка репортерска мрежа Македонија (БИРН). Финансирана е од Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД/Северна Македонија.

Цел на проектот е да се намали корупцијата во животната средина преку активно учество на граѓаните во донесување на одлуки за прашања од областа на животната средина.

Опис на работната задача:

Милиеуконтакт Македонија бара експерт кој во тесна соработка со проектниот тим ќе развие методологија за следење и транспарентност на веб страните на државните и локални органи на власт.

Експертот треба да ја дефинира содржината на методологијата врз основа на следните точки:

1. Следење на информации поврзани со животната средина и корупција во животната средина

Ова подразбира следење на информации поврзани со животната средина, објавени од релевантните институции. Експертот во методологијата треба да наведе чии веб страни ќе се следат (владини институции, локални самоуправи, јавните претпријатија).

2. Следење на документи (политики, планови, стратегии) поврзани со животната средина и корупција во животната средина

Следење на документи, кои задолжително треба да се објават на веб страните во согласност со законската регулатива од областа на животната средина. Експертот во методологија треба да наведе кои документи ќе се следат (службен весник и службени гласила на општините, подготовка на документи кои предвидуваат учество на јавност, како што се планови, стратегии и др. политики, во областа на просторно и урбанистичко планирање и заштита на животната средина, антикорупциски планови и програми и сл. ).

3. Фреквенција на следење

Експертот во методологија треба да наведе фреквенција на следење веб страните (на неделно или месечно ниво)

4. Начин на споделување на резултатите

Експертот во методологија треба да наведе на кој начин ќе се дистрибуираат информациите кои се добиени за време на следење на веб страните.

Во рамки на митологијата експертот треба да изработи и формат/образец за следење и внесување на релевантните информации (вид на објава, субјект кој ја објавил информацијата, линк за пристап до истата, забелешка, односно коментар во однос на тоа дали е објавена согласно законски пропишаните рокови, дали се објавени потребните документи, дали јавноста е информирана соодветно за можностите, начините и времето на одржување на јавната расправа и сл), време на објава, време на проверка и сл.

Во рамки на методологијата експертот треба да изработи и пример на допис (базиран на барањето за пристап до информации од јавен карактер) кој треба да се достави во случај на утврдена недоследност кај некоја од објавите на веб страните.

Времетраење на работната задача:

Методологијата за следење и транспарентност на веб страните на државните и локалните органи на власт, треба да биде изработена во рок од 10 денови, во периодот од 01.12-20.12.2024.

Својата работа треба да ја евидентира во временски лист кој заедно со форматот за краток описен извештај ќе го обезбеди Милиеуконтакт Македонија.

Очекувани резултати:

Изработка на Методологија за следење и транспарентност на веб страните на државните и локалните органи на власт која ќе вклучува:

- преглед на институции чии веб страни треба да се следат
- видови на информации кои треба да се следат од областа на животната средина, просторното и урбанистичкото планирање, со акцент на потенцијална корупција,
- преглед на постапки кои предвидуваат учество на јавност од областа на животната средина, просторното и урбанистичкото планирање,
- преглед на документи (политики, планови, стратегии) поврзани со животната средина и корупција во животната средина,
- фреквенција на следење
- начин на споделување на резултати
- формат/образец за следење на на веб страните на државните и локалните органи на власт
- пример на допис / барање за пристап до информации од јавен карактер кој треба да се достави во случај на утврдена недоследност кај некоја од објавите на веб страните.



Надомест и исплата:

Предвиден ангажман за експертот се 10 работни дена. Кандидатот треба да достави финансиска понуда за ангажманот.

Исплатата ќе биде извршена во целост после одобрување на финалната верзија на Методологијата за следење и доставен краток наративен извештај со временска листа на реализирани часови/денови.

Знаења и вештини:

- Високо образование (магистерски студии, ќе се сметаат за предност) во природни науки или друга сродна област;
- Добро познавање на електронски комуникациски алатки Teams, Zoom, Google meet;
- Одлично познавање на домашното законодавство од областа на животна средина и сите сродни области неопходни за реализација на задачата

Професионално искуство:

- Најмалку 5 години работно искуство во/со граѓански организации, локална самоуправа или други релевантни институции на теми од областа на животната средина, клима, енергија и одржлив развој;
- Познавање на процесите за вклучување и информирање на јавноста во креирање и носење политики од областа на животната средина.
- Докажано искуство во изработка на Методологии за следење на работата на институции на теми од областа на животната средина, клима, енергија и одржлив развој;

Потребни документи:

Потенцијалниот Експерт за изработка на методологија за следење на работата на државните и локалните органи на власт, треба да ги достави следните документи:

- ✓ Професионална биографија (најмногу 3 страни) со акцент на работи извршени во последните 5 години;
- ✓ Диплома од завршено високо образование (магистерски студии ќе се сметаат за предност);
- ✓ Тековна состојба (за правни лица)
- ✓ Кратко портфолио/референтна листа со релевантни проекти;
- ✓ Финансиска понуда

Пријавување:

Проектниот тим ги охрабрува сите правни лица, физички лица (консултанти и експерти), граѓански организации кои се пронаоѓаат во описот на проектната задача и ги исполнуваат барањата, да ги достават потребните документи на e-mail: aleksandra.s@mkm.mk или info@mkm.mk, најдоцна до 29.11.2024 (петок) до 17:00 часот, со назнака: „Експерт за изработка на методологија за следење на работата на државните и локалните органи на власт“. Може да се поставуваат прашања поврзани со работната задача, најдоцна до 26.11.2024 (вторник) и истите ќе бидат одговорени на 27.11.2024 (среда).